2021

Center for Research and Policy Making
... policy impact since 2004

РУРАЛНА КОАЛИЦИЈА
KOALICIONI RURAL

LULUDI
Romani Asocijacija Džuvljenge thaj Ternenge
Ромска Асоцијација за Жени и Млади
Roma Women and Youth Association

Through Gender Lenses

РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ НА ЛОКАЛНО НИВО

# ПРЕДЛОГ БУЏЕТСКА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Предлог буџетската иницијатва е изработена во рамки на проектот „Низ женски леќи: покревање на политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост“  финансиран од Европската унија.

# Предлог буџетска иницијатива за Општина Делчево



Број на население:

- Мажи- 7.992
- Жени- 7.829
- Вкупно- 15.821

Површина: 423 $км^2$

*Податоците се преземени од ДЗС и веб-страната на општина Делчево.*[1]

Единиците на локалната самоуправа како одговорни тела за планирање на општинскиот буџет и креирање буџетските програми во општините воедно ја носат и одговорноста за примена на партиципативно и родово одговорно буџетирање.

Партиципативно и родово одговорно буџетирање на локално ниво претставува вклучување на локалните граѓани (жени, мажи, маргинализирани и ранливи категории на граѓани) во процесот на подготовка на општинскиот буџет и неговите приоритети, заедно со општинската администрација.

Пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19 значително влијаеше и го забави процесот на достигнување родова рамноправност, а особено на локално ниво каде активностите предвидени со програмите за еднакви можности или родова еднаквост во најголем дел не беа спроведени, а средствата предвидени со локалните буџети беа реалоцирани.

Во претстојниот период следи процесот на  креирање  на предлог буџетските програми на единиците на локалната самоуправа. Со цел родово одговорно и партиципативно буџетирање во општината Делчево во рамки на проектот „Низ женски леќи“ подготвена е оваа предлог буџетска иницијатива која ги застапува интересите на руралните жени и мажи, сиромашни жени и мажи, жени и мажи со попреченост, маргинализираните жени и мажи (

[1] Државен Завод за Статистика- Население во Република Македонија на 30.06.2019 по специфични групи на возраст, по пол, по општини, по години, според промените во територијалната поделба од 2014 година

од етничка, религиозна или сексуална природа) и жени и мажи од ранливите возрасни групи (млади и постари граѓани).

Предлог буџетската иницијатива подготвена од Центарот за истражување и креирање политики се заснова на:

- Родова анализа на општинските програми за 2020/2021 во општината Делчево
- Форум во заедницата-Идентификување на приоритетни области и активности за граѓаните на општина Делчево

Тимот на проектот „Низ женски леќи" во месец март 2020 спроведе родова анализа на општинските програми со која беше утврдено во кои програми на општината е односно не е вклучена родовата перспектива. Со анализата беа дадени и препораки за областите во кои е потребно да се вклучи родовата перспектива.

Форумот во заедницата во општина Делчево се одржа во месец мај и имаше за цел идентификување на проблемите и решенијата како и приоритизирање на истите од страна на граѓаните кои живеат и/или работат на територија на општина Делчево користејќи родова перспектива.

## Родова анализа на општинските програми за 2020/2021 на општина Делчево

Општината Делчево има изработено голем број општински програми во кои се земени предвид различните потреби на мажите и жените. Општината Делчево делумно ја интегрирана родовата перспектива при изработката на општинските програми, пред се во програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Делчево и работа на КЕМ за 2021 година.

Така во оваа програма јасно се дефинирани три родови цели: Зајакнување на институционалните механизми за воведување на еднаквите можности на жените и мажите (ЕМЖМ) во приоритетните области во надлежност на Општината (социјална заштита, образование,култура, спорт и сл.), промоција на родовата еднаквост како вредност, преку информативни кампањи , настани, манифестации и едукации и поголема вкученост на жените во процесите на идентификување приоритети и одлучување во општината. Понатака како родово приоритетни области на делување се наведени човековите права и родовата еднаквост, а во подобластите е предвидена поголема застапеност на жени во креирање политики, економско јакнење на жени и родово базираното насилство; партиципација во донесувањето одлуки, едукација на населението и зајакнување на капацитетите на КЕМ Делчево. Вака дефинираните цели и приоритети можат да водат кон значајно унапредување на родовата рамноправност во општината.

За остварување на целите општината има предвидено бројни родови активностите како што се едукација на вработените во локалните институции и граѓанките за навремено препознавање на формите на родово базирано насилство во Општина Делчево. Сепак работилниците и едукациите се наменети само за жени. Од исклучителна важност е

вклучување и родово сензибилизирање на мажите со едукации во областа на родово базираното насилство со цел превенирање на истото. Предвидена е и родова сензибилизација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта заради индиректна едукација на учениците и родова сензибилизација на сопствениците и оперативните менаџери од приватните мали и средни претпријатија од Делчево, при што можеме да заклучиме дека општината Делчево прави обиди за вклучување на родовата компонента и во јавните, и приватните институции на нејзината територија.

Дополнително, предвидено е и активирање на месните и урбаните заедници заради создавање на услови за учество на жените од маргинализираните групи и руралните средини во процеси за креирање и имплементирање на локални јавни политики. Оваа активност ќе биде од особено значење за унаредување на родовата рамноправност доколку се реализира со оглед на тоа што од вупно 27 урбани и месни заедници во општина Делчево, сите се раководени од мажи. За секоја од предвидените активности утврдени се средства од буџетот и/или донации, јазикот кој се користи во програмата е родово сензитивен и се користат родово разделени податоци за корисниците на програмата.

Различните потреби на мажите и жените се земени предвид во неколку други општински програми, па така на пример во програмата за ***социјална заштита*** идентификувани и издвоени се следниве особено ранливи групи: стари лица, деца и младинци, лица со посебни потреби и социјално загрозени семејства. Во програмата има предвидено мерки и активности за финансиска помош, воведување сервиси и услуги, поддршка и инклузија на овие ранливи групи. Иако не се конкретно наведени како корисници, жените ќе имаат поголем бенефит бидејќи најчесто тие се грижат за ранливите категории на граѓани. Финансиски средства кои директно ги засегаат жените, се предвидената парична помош за секое новороденче во општината како и парична помош за првото новороденче во 2020 година. Предвидено е ангажирање на невработени лица во општинско корисна работа, но не се специфично утврдени потребите и капацитетите на жените и мажите цо цел намалување на родовиот јаз во невработеноста.

Во програмата пак за ***управување со отпад*** општината Делчево работи кон подобрувањето на животната средина, што може да води кон унапредување на родовата ррамноправност. Предвидено е евидентирање на типови и количини на отпад, кои се создаваат во општината и нивно соодветно управување. Иако е наведено дека постојат 102 диви депонии, не е анализирано кој конкретно учествува во создавањето на истите, со цел да се создаде програма за едукација на таа специфична група на граѓани. Предвидена е едукација на населението за бенефитите од селективното управување со отпад, но не е специфично одредено на кој начин ќе се едуцираат мажите, а на кој жените, соодветно на отпадот со кој тие управуваат во домаќинствата. Иако е предвидена поправка, замена и зголемување на садовите за собирање на отпад, не се земени во предвид различните потреби на мажите и жените во однос на местоположбата на истите. Општината Делчево има изработено и предлог-програма за работа на одделението за превенција, ***заштита и спасување***, но не се јасно дефинирани различните приоритети и потреби на мажите и жените, ниту пак се утврдени родови цели во рамки на приоритети. Предвидена е пренамена на буџетот за

справување со Ковид-19 пандемијата. Јазикот кој се користи во програмата е родово неутрален и не се користат или пак собираат родово разделени податоци за корисниците на програмата. Дополнително во програмата за комуникација со јавноста и промоција предвидена е споделување редовни информации, соопштенија, препораки поврзани со превенција од ковид-19.

Во специфични цели при комникација со јавноста предвидена е поголема вклученост на граѓаните во активностите од заеднички интерес и во процесот на донесување одлуки, што може да води кон унапредување на родовата рамноправност и партиципативното учество на граѓаните во донесувањето одлуки. Во остварувањето на специфичните цели предвидено е обезбедување комуникација и распространување на информациите по мерка на посебните целни групи, но целните групи не се наведени ниту пак разделени по род. Во предвидените активности за промоција на општина Делчево предвидена е промоција на активностите за родова еднаквост на Општина Делчево. Дел од активностите кои би придонеле за унапредување на родовата рамноправност се: прес-конференции, изјави, информации, соопштенија и користење други медиумски алатки со цел информирање на јавноста за значењето на родовата еднаквост. Во целните групи на граѓани издвоени се маргинализираните групи, но не се специфично наведени.

*Заклучок:*

**Општината Делчево ја интегрира родовата перспектива во изработката на дел од општинските програми. Области во кои има јасно дефинирани активности за унапредување на положбата на жените во општина Делчево се: едукација за родова рамноправност и родово базирано насилство, информирање на јавноста, економско јакнење и учество во креирање политики на локално ниво.**

**Јасно дефинирани родови цели, приоритети, индикатори, корисници и активности како и предвиден буџет за истите, се утврдени само во Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Делчево и работа на КЕМ за 2021 година.**

*Препораки:*

- ✓ *Имплементирање на родова перспектива во планирањето и креирањето на програмите за сите области во општината;*
- ✓ *Развивање на програма за превенција и заштита од родово базирано насилство на локално ниво*
- ✓ *Поставување на повеќе жени на позиции на донесувачи на одлуки во општината особено на чело на урбаните и месните заедници.*
- ✓ *Користење на родово сензитивен јазик и собирање родово поделени податоци за корсниците на сите програми*
- ✓ *Воведување на родовата перспектива во сите програми преку користење на родова анализа на потребите и родовите јазови што ќе доведе и до креирање родово одговорен буџет.*

## Резултати од Форум во заедницата во општина Делчево

Форумот во заедницата во Делчево се одржа онлајн преку три последователни сесии.

- I сесија 05.05.2021 Идентификување на проблеми
- II сесија 07.05.2021 Идентификување на решенија
- III сесија 10.05.2021 Приоритизирање на решенијата и проблемите

На форумот во заедницата учествуваа вкупно 86 учесници од кои 72 жени и 14 мажи. Учесниците беа претставници од локалните институции, училишта, јавни претпријатија граѓанските организации како и граѓани кои живеат на територија на општина Делчево.

Преку форумите во заедницата се овозможи вклучување на граѓаните, посебно на целните групи кои се главен фокус на проектот со цел обезбедување услови за приоретизирање на програмите и проектите како и истовремено подобрување на структурата на програмите во општините во кои се спроведува проектот.

## Приоритетни проблеми и решенија кои беа избрани од граѓаните на општина Делчево се следниве:

| Проблеми и решенија | Бодови | Ранг |
|---|---|---|
| ПРОБЛЕМ:Континуирано создавање диви депонии.<br>РЕШЕНИЕ:Редовен инспекциски надзор и редовно чистење од комуналното претпријатие. | 86 | 1 |
| ПРОБЛЕМ:Нема тоалети за ученици со попреченост во сите три училишта<br>РЕШЕНИЕ:Општината во соработка со граѓанските организации да поднесат барање за донација за изградба | 84 | 2 |
| ПРОБЛЕМ:Ниска свест кај населението за животна средина.<br>РЕШЕНИЕ:Кампања за подигање на свест. | 84 | 2 |
| ПРОБЛЕМ: Немање информации за квалитетот на воздухот во општина Делчево.<br>РЕШЕНИЕ: Поставување на минимум 2 мерни станици мерни станици за контрола на квалитетот на воздухот. | 81 | 4 |
| ПРОБЛЕМ:Непостоење на регионална депонија за управување и селектирање на отпад. РЕШЕНИЕ:Барање од градоначалникот на регионална средба за забрзување на процесот на изградба во Св.Николе | 80 | 5 |
| ПРОБЛЕМ: Недоволен број локации за туристичка дејност во Делчево и планината Голак.<br>РЕШЕНИЕ: Проширување на деталeн урбанистички план за Голак и град Делчево во соработка со бизнис заедницата | 80 | 5 |
| ПРОБЛЕМ:Нема пристапни патеки за лица со инвалидитет до сите институции РЕШЕНИЕ:Општината во соработка со сите институции во општината да изготви финансиска конструкција со 50%-50% учество во соработка со НВО и Здруженија на лица со попреченост | 80 | 5 |
| ПРОБЛЕМ:Нема велосипедска патека во општина Делчево.<br>РЕШЕНИЕ:Прилагодување на постоечките коловози со боење на патеката. | 79 | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| ПРОБЛЕМ:Недоволен простор за изведување на настава во ОУ „Климент Охридски“<br>РЕШЕНИЕ:Доградба до зградата на училиштето три училници за прво одделение | 78 | 9 |
| ПРОБЛЕМ: Не постои патека за лица со хендикеп во општината.<br>РЕШЕНИЕ:Да се прилагодат постоечките тротоари, да се обезбедат финансиски средства со проекти од страна на општината и граѓанските здруженија | 77 | 10 |
| ПРОБЛЕМ:Нема водоводна мрежа во с.Вирче и канализациона мрежа на ул.Лика Чопова<br>РЕШЕНИЕ:Петиција од жителите | 77 | 10 |
| ПРОБЛЕМ:Превозот на ученици од руралните средини го плаќаат училиштата.<br>РЕШЕНИЕ:Превозот да биде обврска на општината и како ставка да влезе во општинскиот буџетот. | 76 | 12 |
| ПРОБЛЕМ: Во зградата каде е сместена општината, нема пристапни рампи за лица со попреченост<br>РЕШЕНИЕ: Изградба на посебна пристапна рампа, со која ќе се овозможи само влез во зградата | 76 | 12 |
| ПРОБЛЕМ: Не се асфалтирани улиците-ул.Грозданец и улиците во населба.Ѕвегорска река<br>РЕШЕНИЕ: Техничко решение од општината во најбрз временски рок | 75 | 14 |
| ПРОБЛЕМ:Нема станица за меѓуградски превоз во општина Делчево.<br>РЕШЕНИЕ: Покренување на иницијатива за реотварање на меѓуградската автобуска станица | 75 | 14 |
| ПРОБЛЕМ: Недоволен опфат на децата од руралните средини во градинките од селата Ѕвегор, Вирче, Габрово и Град.<br>РЕШЕНИЕ: Општината да ги отстапи овие делови од училиштата на градинката и преку изработка на проекти Општината да бара средства преку Светска Банка и МТСП | 75 | 14 |
| ПРОБЛЕМ: Неопремено детско игралиште со урбана опрема во населбата Милково брдо<br>РЕШЕНИЕ: Да се поставаат клупи за седење, а игралиштето да се опреми се реквизити за детска игра | 75 | 14 |
| ПРОБЛЕМ: Голачки фоклорни средби, како општинска манифестација нема содржина од забавен карактер за млади<br>РЕШЕНИЕ: Внесување на нови содржини за млади во програмата на Голачки фолклорни средби | 75 | 14 |

**Приоритетни програми во кои е потребно да се вметнат активностите:**

- Програма за животна средина
- Програма за образование
- Програма за социјална заштита
- Програма за урбанизација и инфраструктура
- Програма за родова еднаквост
- Програма за туризам и култура
- Програма за млади и спорт

**Препорака:** Во програмите како крајни корисници да се обрне особено внимание на потребите на:

- Жените и девојчињата,
- Жените и деца жртви на насилство,
- Возрасните лица со физичка попреченост,
- Децата со физичка и/или интелектуална попреченост
- Жителите на руралните подрачја

Проблемите и решенијата кои беа идентификувани од граѓаните на општина Делчево поделени по области се следниве:

Образование:

1.Недоволен простор за изведување на настава  во ОУ „Климент Охридски". Потребна е доградба на училници со цел да се работи во една смена.
Образложени на проблемот: Одземени простории на училиштето и доделени во функција на градинката. Првачињата имаат настава на првиот спрат, немаат услови.
Решение: Доградба до зградата на училиштето три училници за прво одделение, блиску до дворот, посебен простор за разни активности. Со пандемијата имаат потреба од излегување, движење, физички активности. Пристапна рампа за ученици со физичка попреченост да биде предвидена со доградбата.
Буџетот за наредна година е веќе планиран, па ова да се вмтне во годишната програма за 2022-2023 година. Предложено е аплицирање за проект, барање до МОН, интернационални организации за изнаоѓање средства. Стручни сработници од училиштата заедно со општината да го решат ова.
2.Недостасуваат кабинетски простории – училници во гимназијата „Методија Митевски Брицо"
Образложение на проблемот: Потребни се училници за кабинетска настава. Смер прехрамбено-кабинет уреден со донација.
Решение: Доуредување на веќе постоечки училници-На горниот спрат има кабинет по математика кој може да се доуреди. МОН дава средства за вакви стручни кабинети, општината да даде предлози, барања до МОН за да се уредат стручни кабинети, како прва опција. Втора опција е доградба на простории за изведување на кабинетска настава.
3.Нема тоалети за ученици со попреченост во сите три училишта
Образложение на проблем: Во сите 3 училишта нема тоалети за лица со попреченост, поради што треба да се изнајдат средства.
Решение: Општината во соработка со граѓанските организации да поднесат барање за донација.
4.Превозот на ученици од руралните средини го плаќаат училиштата. Превозот да биде обврска на општината и како ставка да влезе во општинскиот буџетот.
Образложение на проблемот: 6000 евра за превозници трошат училиштата. Наставниците го чекаат превозникот додека да си заминат децата бидејќи е недоволен и нема добро утврдена временска рамка.

Решение: Сопствен превоз, две комбиња на општината за трите училишта, кои ќе ги пренесуваат учениците до повеќе локации, една линија која ќе поминува низ сите населени места од каде доаѓаат ученици со уредена временска рамка во соодност со часовите во училиштата. 2 основни и 1 средно училишта – 2 комбиња, 2 вработени

Животна средина и комунална дејност

1.Континуирано се создаваат диви депонии-се фрла ѓубрето во река Желевица и покрај контејнерите
Решение: Континуирано чистење од комуналното претпријатие, кампања за подигнување на свеста, поставување на информативни табли со законски информации, да се оградат местата, видео надзор каде дозволува законот, култивизирање на депониите со поставување на клупи, летниковци, дрвца
2.Ниска свест кај населението за животна средина
Решение: Кампања (општина, НВО, граѓани), едукација од градинка, основни и средни училишта, повеќе контејнери и корпи особено во приградските населби, поголема активност на инспекциските служби, не се доволно активни, казни, часови по екологија, активирање на еколошките друштва.
3.Непостоење на регионална депонија за управување и селектирање на отпад-Неизградена депонија
Образложение на проблемот: Во тек се активности за изградба на регионална депонија во Свети Николе, која се уште не е почната да се гради.
Решение:Сугестија на регионалните средби од страна на градоначалникот за да се забрза процесот на изградба на регионална депонија.
4.Немање информации за квалитетот на воздухот во општина Делчево-колку и од каде доаѓа загаденоста.
Решение:Поставување на минимум 2 мерни станици мерни станици за контрола на квалитетот на воздухот.

Локален Економски развој

1.Недоволен број локации за туристичка дејност во Делчево и планината Голак.
Решение: Проширување на деталeн урбанистички план за Голак и град Делчево во соработка со бизнис заедницата, да се направи форум, да инвестираат во туризмот во општина Делчево
2. Недоуредени индустриски зони и недоволна промоција за привлекување на инвеститори.
Решение: Општината да предвиди во буџетот средства за техничка документација за доуредување пристапни патишта, водоводна и електрична мрежа да се прошири, кампања за тие локации.
3.Непостоење на урбанизација во рурални средини-недостаток на средства и сложен законски процедури/услови за добивање фондови.
Образложение на проблемот: Неможност да се собере документација за аплицирање во фондови, локална планска документација за места надвор од урбаните средини.
Решение: Изготвување на урбанистички планови, уредување ипоставување локални пунктови за продажба на домашни добра покрај туристички локалитети.

4.Мали можности за инвестиции за малите и средните претпријатија, за покренување рурален развој-Има мал број фондови и субвенции за мали и средни претпријатија.
Решение: Формирање фонд од независна фондација во која би учествувале општината и бизнис заедницата заедно со комерцијални банки да се понудат атрактивни кредити со намалени камати, за развој на мали и средни претпријатија-женски дел од групата предложил.
5.Сложена законска процедура за користење ИПАРД средства
Решение: Учество во програмите на министерствата-предложено од мажи

Урбанизација и инфраструктура

1.Не се асфалтирани улиците-„Видое Смилевски Бато", ул.Ѕвегорска река
Образложение на проблемот: Жителите не сакаат да отстапат дел од дворното место за изградба на ул.Ѕвегорска
Решение: Влезена во урбанистички план се чека на техничко решение од општината-
2.Без водовод се жителите на село Вирче
Решение: Петиција од жителите
3.Нефункционално улично осветлување во Басарица, Ѕвегорска река и Расадник
Образложение на проблем: Нема улично осветлување бидејќи на влезот во Басарица земјиштето е во приватна сопственост
Решение: петиција од жителите-општината да покрене иницијатива за почетокот влезот на населбата (Басарица).
Образложение на проблемот:Расадник-светилките се кршат од жителите,
Решение: За поставување нови треба да се оди во општината, да се постави телефонски број за решавање технички проблеми каде граѓаните ќе можат да пријават проблем
4.Нема велосипедска патека во Делчево
Решение: Прилагодување на постоечките патеки
5.Не постои патека за лица со хендикеп во општината
Образложение на проблемот: Општината нема статистички податоци за лица со попречености-ЦСР ги има овие податоци но не точен број- податоци се добиват од месни и урбани заедници и нво сектор
Решение: да се прилагодат постоечките тротоари, да се обезбедат финансиски средства со проекти од страна на општината и граѓанските здруженија.
6.Нема игралишта за рекреација во некои населени места
Решение: петиција од самите жители , редовно чистење од ЈП Брегалница и донација реквизити, многу се кршат игралиштата од младите, да се покрене свеста-соработка со полицијата
7. На ул.„Лика Чопова" нема канализациона мрежа
Образложение на проблемот: Има канализациона мрежа, но потребно е зголемување на истата поради пренаселеност
Решение: Петиција од жителите на улицата до Советот на општина Делчево
8.Нема меѓградски превоз во Делчево односно не е во функција меѓуградската автобуска станица

Образложение на проблемот: До пред 2 години постоела меѓуградска автобуска станица во Делчево, Берово транс ја одржувале, но компанијата отишла во стечај. Автобуската станица е приватна сопственост и општината засега нема решение.
Решение: Покренување на иницијатива за реотварање на меѓуградската автобуска станица.

<u>Родова еднаквост</u>

1.Општината Делчево е без воспоставена пракса на ко-финансирање на проекти за НВО, кои се во интерес на општината- со буџетот на општината има предвидено само финансирање.
Решение: Во буџетот да се вклучи и ко-финансирање, да се пренамени постоечкиот буџет за финансирање, поддршка на проекти од НВО сектор, или нов фонд во рамките на буџетот, да се види праксата од други општини.
2.Нема родово буџетирање во општината
Решение: Членови на КЕМ да лобираат, локални организации.
3. Советот на општината нема механизам за родова сензибилизација
Образложение на проблемот: со завршувањето на мандатот заминуваат обучените советници, а се менуваат и членовите на Комисија за еднакви можности на секои 4 години. Потребно е реобучување на Советот на општината.
Решение: НВО да ги обучува, заедно со општината

<u>Општинска администрација</u>

1.Седниците на Советот на општината не се емитуваат во живо, а со тоа се пропушта можноста за поголема транспарентност пред граѓаните. Нема услови и техничка опременост за пренос на седници на совет во живо.
Решение: Пренос на седници на советот во живо- средства во буџетот на општината за техничка опрема, веб страницата има можност за во живо да се постави-средства од донатори.
2.Во зградата каде е сместена општината, нема пристапни рампи за лица со попреченост. Во истата зграда се наоѓа и салата за венчавки. Овој проблем е присутен и кај останатите општински институции.
Решение: Изградба на посебна пристапна рампа, со која ќе се овозможи само влез во зградата, но пак останува проблемот со достапноста на вториот и третиот каде до останатите инсистуции лоцирани во истата зграда. Да се разгледа можноста од поставување на лифт.
3.Непостоење на куќа (Дом) на културата, каде би се сместиле сите културни институции во градот.
Решение: Изградба на куќа, дом на култура, која ќе биде пристапна за лица со попречености-има градежна маркица за изградба на општинска зграда, но не и за дом на култура, ЕУ фондови средства за домови за култура-донација

<u>Социјална заштита</u>

1.Несоодветни услови во објект број 1 на градинката „Весели Цветови“

Решение: Поврзување на веќе постоечките занимални две во една со отстранување на прeградниот зид, така би имало повеќе простор за децата и секако би можело во тој дел да се изведе-изгради самостоен санитарен чвор за секоја занимална.Од вкупно 4 мали занимални би имале 2 соодветни согласно стандардитеза згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст.Тогаш би се заменила и столаријата на објектот и секако фасадата за да биде и енергетски ефикасен објектот.Ова би можело да се реализира со помош на општината преку нејзино учество со 50% и 50% учество на градинката како и преку некој проект за енергетска ефикасност или слично.
За да бидат условите посоодветни и за да може да се направи опфат на поголем број деца од тој дел на градот би можело да се направи надградба на постоечкиот објект во која би имало мнимум уште 2 занимални за да се згрижат уште дополнителни 50 дечиња. И ова би можело да се реализира преку некој проект преку општината во чиј финансиски дел и градинката би можела да учествува.
2.Недоволен опфат на децата од руралните средини во градинките од селата Ѕвегор, Вирче, Габрово и Град.
Образложение на проблемот:Во секое од горе наведените селски населби постои објект од едно од основните училишта во градот.Овие објекти веќе подолг период не се целосно искористени така да има слободни сегде барем по една училница која може да се адаптира за градинка или центар за ран детски развој за да се зголеми опфатот на децата од овие средини.Некои родители кои доаѓаат на работа во градот ги носат децата во Делчево во градинка но не секој може да си го дозволи тоа така да во секоја од овие средини има минимум по 10 дечиња кои немаат можност да се вклучат во градинка.
Решение: Општината да ги отстапи овие делови од училиштата на градинката и преку изработка на проекти Општината да бара средства преку Светска Банка и МТСП или други соодветни проекти и ова да се реализира.И во овој случај градинката би можела да има и сопствено учество во финансискиот дел во согласност со потребите.
3.Нема пристапни патеки за лица со инвалидитет до сите институции
Решение:Општината во соработка со сите институции во градот може да изготви финансиска конструкција со 50%-50% учество на институциите и во соработка со невладини организации и Здруженија на лица со попреченост да изготви соодветни проекти и да побара финансиски средства од разни извори за да се реши овој проблем.Исто така потребно е и постоечките патеки –пристапи за лица со попреченост да се направат согласно соодветните правилници за да можат лицата лесно да пристапат до се што им е потребно.Таму каде што има можност во делот од улиците да се обележи со боја од крајот на улицата каде би се движеле со инвалидските колички за да не се создава гужва по тротоарите и улицата.
<u>Култура, спорт и млади</u>

1.Неопремено детско игралиште со урбана опрема во населбата Милково брдо –
Образложение на проблемот: Има инфраструктура и сега се користи игралиштето, меѓута нема реквизити.
Решение:Да се постават клупи за седење, а игралиштето да се опреми се реквизити за детска игра, како и другите содржини за детско игралиште.

2.Руинирана спортска сала во близина на стадионот-Потреба од пренамена во Скејт парк од затворен тип.
Образложение на проблемот:Спортската сала веќе триесетина години е со недефиниран сопственички статус и не е одржувана. Во такви услови младите од Делчево сами ја исчистија, ја адаптираа и ја користат во скејт парк на затворено.
Решение: Да се утврди сопственоста, доколку е во можност општината да ја преземе и стопанисува со неа, да се доуреди и со тоа да им се даде можност на младите да користат според потребите.
3.Голачки фоклорни средби, како општинска манифестација нема содржина од забавен карактер за млади (по 00:00 часот-концертни активности, Djи).
Образложение на проблемот: Манифестацијата се одржува во планина со преспивање и традиционално престојуваат и млади од Делчево и околината, кои можат да следат само фолклорни содржини, кои завршуваат пред полноќ.
Решение: Внесување на нови содржини за млади во програмата на Голачки фолклорни средби со ноќна програма со DJ, своевидна off програма.

## Низ женски леќи: покревање на политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост

Проектот „Низ женски леќи: покревање на политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост" се имплементира од страна на проектните партнери: Центар за истражување и креирање политики, Новинари за човекови права, Рурална Коалиција, Ромска Асоцијација за жени и млади-Лулуди и ЕХО-Штип. Имплементацијата на проектот ќе се одвива од јануари 2021 до април 2024, а финансиски е поддржан од Европската Унија. Главна цел на проектот е поттикнување на проактивноста на граѓанското општество преку зајакнување на вмрежувањето, користејќи РОБ методи за соработка со локалната самоуправа и формирање на локални политики и буџети за решавање на различните потреби на жените и мажите, особено на најранливите и маргинализираните групи во 17 целни општини во време на криза.

Општините во кои се имплементира проектот се: Чаир, Шуто Оризари, Брвеница, Теарце, Кавадарци, Неготино, Делчево, Македонска Каменица, Пробиштип, Радовиш, Гевгелија, Крушево, Кривогаштани, Струга, Вевчани, Старо Нагоричане и Липково. Целите на проектот ќе бидат постигнати преку спроведување на три главни активности: Мобилизација на граѓани, градење на капацитетите на граѓанските оранизации и промовирање на Мрежата за родово одговорно буџетирање како партнер на општините.

Проектот е синхронизиран и дополнително ќе ги зајакне капацитетите на постоечката неформална Мрежа за родово одговорно буџетирање со проширување на членството со ГОи од целните општини и застапувајќи ги интересите на руралните жени и мажи, сиромашни жени и мажи, жени и мажи со попречености, малцински жени и мажи (етнички, религиозни, сексуални) и жени и мажи од ранливите возрасни групи: млади и постари граѓани.

This project is funded by the European Union

Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на имплементаторите на проектот и на никаков начин не ги изразува гледиштата на Европската унија.